Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука ја донесе Наставната програма по проектната активност *иновации и претприемништво* за III година на гимназиското и средното уметничко образование.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

III година

ГИМНАЗИСКО И СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, март 2015 година

## 1. ВОВЕД

Проектната активност *иновации и претприемништво* има за цел учениците да усвојат знаења и вештини од областа на претприемништвото и бизнисот.

Преку наставните содржини, учениците од трета година на гимназиското и средното уметничко образование ќе стекнат: **личен развој** (развивање на креативност, инвентивност, смисла за иницијатива, самостојност, самодоверба, одговорност, критички пристап кон себе, кон другите, кон сопствениот (не)успех, кон животната и работната средина, упорност, работа со други, отвореност кон нови идеи и препознавање на можности, истражување, охрабрување за донесување на одлуки и др.); **деловен развој** (ја разбира суштината на менаџментот, управувањето со материјалните и човечките ресурси, ги препознае дилемите кои ќе се појават при одредувањето на бизнис идејата, ја избира иновацијата со најголема веројатност за успех, да го знае иновацискиот процес, да го избере најадекватниот начин на финансирање на сопствениот бизнис, постоењето на бизнис модели, знае за различните промотивни активности) и **развој на претприемачките вештини** ( (пр)оценување на претприемачката идеја, севкупно планирање за реализација на идејата, дизајнирање и тестирање бизнис модели, креативно решавање на проблеми, позиционирање на пазарот преку соодветни стратегии и тактики, комбинирање на промотивни активности, користење на ИКТ технологија во претприемачкото работење и др.).

Проектната активност *иновации и претприемништво* за трета година на гимназиското и средно уметничко образование претставува надградување на знаењата и вештините стекнати во прва и втора година и основа за вклучување во наставните содржини на наставниот предмет бизнис и претприемништво во четврта година на гимназиското и средното уметничко образование. Содржините и активностите се усогласени со когнитивниот развој на ученикот и неговите индивидуални можности.

**Назив на проектната активност:** иновации и претприемништво

**Вид на средно образование:** гимназиско и уметничко

**Година на изучување на проектната активност:** трета

**Број на часови на проектната активност:** 35 часови годишно

**Статус на проектната активност:** задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА

***Ученикот / ученичката:***

- да го дефинира поимот менаџмент;
- да го разбира значењето на менаџментот за (не)успехот на претпријатието;
- да ги објаснува менаџерските функции и вештини;
- да ги препознава менаџерските стилови;
- да го знае процесот на менаџмент на иновации;
- да знае да го применува менаџментот на иновации;
- да ги открива дилемите на основачите поврзани со нивните почетни бизниси;
- да го прошири знаењето во насока на развој и тестирање на бизнис идејата;
- да развива вештини за планирање на ресурсите;
- да развива вештини поврзани со менаџирање на одредени аспекти во компанијата;
- да ги знае разните облици на промоција;
- да изработи план за промоција;
- да умее како да го измери ефектот од спроведените промотивни активности;
- да развива чувство за креативност и иновативност;
- да развива чувство за самокритичност и самодоверба;
- да развива дух за тимска работа;
- да се оспособува да ги презентира своите идеи и активности.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема 1: Менаџирање на креативните и иновативните процеси (7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката треба:*<br><br>- да го дефинира поимот менаџмент;<br>- да ги препознава основните менаџмент функции;<br>- да ги идентификува нивоата на менаџментот;<br>- да ги објаснува начините на практикување на стиловите на менаџмент;<br>- да ги знае примарните задачи за водење на бизнис (маркетинг, производство, менаџмент и човечки ресурси, планирање и финансиска анализа, правна регулатива);<br>- да ги разликува различните видови иновации;<br>- да знае да одреди повеќе потенцијални иновации и ефектот од успехот при користење на истите;<br>- да го разбере можниот ризик околу иновациите;<br>- да го разбере менаџерскиот процес на иновации во едно претпријатие. | - Вовед во менаџментот<br>- Функции на менаџментот<br>- Примарни задачи при водење на бизнис<br>- Иновација и ко-иновација<br>- Иновациски процес и негово менаџирање | - Менаџмент<br>- Менаџер<br>- Планирање<br>- Организирање<br>- Одлучување<br>- Контролирање<br>- Менаџерски нивоа<br>- Стилови на менаџмент<br>- Иновациски процес<br>- Иновациски ризик<br>- Менаџмент на иновациски процес | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ**<br>Дискусија за менаџирање на иновацискиот процес.<br>Дискусија на различни задачи за водење на бизнис, користејќи студии на случаи од реалниот живот;<br>Вежба (работа во тим): На учениците им се поставува одреден проблем и/или ситуација кој/која треба да биде решен. Учениците треба да го изменаџираат процесот преку предлагање креативни решенија<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ**<br>- Покана до менаџер од локалната заедница да направи презентација за искуството и личните перспективи работејќи како менаџер во иновациски процес.<br>- Вежба: Тимовите да нацртаат иновациски синџир поврзан со нивните бизнис идеи и да анализираат неколку варијанти за да се избере една со најголем потенцијал за успех.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ**<br>Вежба: Учениците ја презентираат нивната работа базирана на иновациски процес и на усвојување на синџир на иновации.<br>Дискусија е фокусирана на:<br>• Зошто баш предложените процеси?<br>• Дали има други, подобри решенија? (да се поттикне креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>- https://www.youtube.com/watch?v=8LM-Vigfg_Y<br>- https://www.youtube.com/watch?v=7VVTdl512BI |

| Тема 2: Започнување на бизнис – дилеми (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката треба:*<br>- да ги сфати дилемите дали бизнисот да го започне сам или да привлече соосновачи;<br>- да избере какви односи ќе воспостави со соосновачите (семејство, пријатели, познаници, странци, претходни соработници);<br>- да разликува каков тип на инвеститори се потребни при различни фази на развој;<br>- да ги знае формите на трговски друштва;<br>- да го знае значењето на тимот;<br>- да ги разбере фазите при градење на тимови;<br>- да знае да ги распредели улогите во тимот;<br>- да знае да ја искористи синергијата на тимот во остварувањето на организациските цели. | - Дилеми пред основање (започнување на бизнис, само-вработување, вработување)<br>- Дилеми поврзани со соосновачи<br>- Избор на трговско друштво<br>- Работење во тим | - Стартување на бизнис<br>- Основач<br>- Соосновачи<br>- Инвеститори<br>- Форми на трговски друштва<br>- Тим<br>- Тимска работа | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ**<br>Дискусија и анализа за дилемите на основачите преку примери и студии на случај.<br>Анализа на тимските улоги.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ**<br>-Вежба:Тимовите треба да направат самоевалвација на сопственото знаење, вештини и искуство, со цел да се откријат недостатоци во однос на тоа што веќе поседуваат и што им е потребно за нивниот бизнис.<br>-Вежба: тимовите да одлучуваат за врските помеѓу соосновачите, усогласувањето на улогите, наградувањето и потребата од градење на тим за време на различни стадиуми од развојот на бизнисот.<br>- Вежба (индивидуална): пополнување инструмент за утврдување на улогата во тимот.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ**<br>**-**Вежба: Учениците ќе ги презентираат своите одлуки поврзани со дилемите на основачите.<br>Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има подобри решенија? (да се поттикне креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>- http://www.scribd.com/doc/25952411/BUSINESS-ENVIRONMENT-1st-Semester-notes-mba-UNIT-1-BUSINESS-AS-A-SOCIAL-SYSTEM#scribd<br>- http://www.slideshare.net/BabasabPatil/business-environment-1-st-module-bec-bagalkot-mba<br>- http://www.kauffman.org/<br>- https://veinternational.org/<br>- http://www.mindtools.com/ |

<table>
<tr><th colspan="4">Тема 3: Развој и тестирање на бизнис модел (7 часа)</th></tr>
<tr><th>Цели</th><th>Содржини</th><th>Поими</th><th>Активности и методи</th></tr>
<tr><td>Ученикот/ученичката треба:<br><br>- да разликува видови на бизнис модели;<br>- да користи различни дизајн техники на бизнис модели;<br>- да имплементира тестирање на хипотези на бизнис модели;<br>- да ги знае најбитните параметри кои треба да се измерат;<br>- да знае да ги преструктурира бизнис концептите;<br>- да биде способен да создаде одржлив и развоен бизнис концепт.</td><td>- Видови бизнис модели<br>- Дизајн техники на бизнис модели<br>- Тестирање на бизнис модели<br>- Преструктуирање на бизнис концепти</td><td>- Бизнис модел<br>- Конструирање бизнис модел<br>- Тестирање бизнис модел<br>- Тестирање на бизнис модел хипотези</td><td>ИСТРАЖИ И НАУЧИ<br>- Дискусија за различни видови на бизнис модели преку реални примери на компании<br>- Вежба: Користејќи различни дизајн техники на бизнис модели, тимовите составени од ученици треба да дизајнираат сопствени бизнис модел на избраната идеја.<br>- Дискусија за различни техники кои можат да бидат употребени за тестирање на хипотези за бизнис модели, преку примери и студии на случај.<br><br>КРЕИРАЈ И НАПРАВИ<br>-Вежба: Тимовите треба да дизајнираат свој бизнис модел користејќи вештини стекнати преку оваа тема и исто така треба да ги тестираат хипотезите врз потенцијални купувачи (сегмент на потрошувачи селектиран преку претходните вежби од оваа тема).<br><br>ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ<br>- Вежба: Учениците треба да ги презентираат резултатите стекнати преку тестирање на бизнис моделот и да предложат решенија дали да се прифати или да се промени постојниот бизнис модел.<br>- Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има други, подобри решенија? (да се поттикне креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>- http://www.businessmodelgeneration.com/<br>- https://hbr.org/2011/01/how-to-design-a-winning-business-model<br>- http://www.businessnewsdaily.com/<br>- http://www.inc.com/</td></tr>
</table>

| **Тема 4: Менаџирање со ресурсите во бизнисот (8 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката треба:*<br><br>- да знае како да ги планира потребните ресурси во својот бизнис;<br>- да ја разбере рационалната и иновативна употреба на ресурсите;<br>- да го разбере концептот на бизнис процесите и производството;<br>- да го разбере значењето на планирањето на потребните ресурсите за нормално работење на бизнисите;<br>- да користи принципи на менаџмент на квалитет и на постојано подобрување на квалитетот;<br>- да ја разбира неопходната потреба од иновирање во бизнис процесите;<br>- да ја спознае улогата на човечките ресурси како важен ‘’жив’’ елемент меѓу останатите ресурси. | - Ресурси - потреби и менаџирање<br>- Иновирање на процесите во бизнисот<br>- Менаџмент на квалитет<br>- Менаџмент на човечки ресурси – основни функции и значење | - Ресурси<br>- Бизнис процес<br>- Квалитет<br>- Човечки ресурси | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ**<br>- Дискусија за основните потребни ресурси за нормално функционирање на бизнисот.<br>- Вежба: Користејќи голем формат бели листови (флипчарт) и маркери, со помош од наставникот, учениците треба да нацртаат едноставен процес од секојдневниот живот во нивната околина (училиште, училиштен двор, патот до училиште...).<br>- Вежба: Користење на три вида на производи/услуги (физички продукт, услуга, web-производ, мобилни апликации) кои им се познати на учениците (ги користат) и одредување на нивниот квалитет (перформансите, изгледот, чувството, услугата, прилагодливоста, безбедноста, трајноста, дефектот). Дискусија за подобрување на квалитетот на избраните производите/услугите.<br>- Дискусија за менаџментот на човечки ресурси и компетенциите на вработените, како и за можностите за унапредување.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ**<br>- Вежба (тимска работа): Креирање табела која ќе ги содржи основните ресурси и основните модели на клучните процеси кои ќе се користат во избраната компанија.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРАЈ И ПРОВЕРИ**<br><br>-Вежба: Презентирање на сработениот план за потребните ресурси и бизнис моделот. Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има подобри решенија? (да се поттикне креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Корисни линкови:<br>- http://latinoccu.org/files/education/student/Unit3-Student.pdf<br>- http://www.econedlink.org/lessons/index.php?lid=1035&type=educator<br>- http://www.bized.co.uk/educators/16-19/business/hrm/activity/critical.htm |

| Тема 5: Развој и промоција на бизнисот (7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Ученикот/ученичката треба:*<br><br>- да знае да развие промотивен микс за своето претпријатие;<br>- да може да подготви промотивен план за избраната бизнис идеја;<br>- да развие вештини за користење на e-mail маркетинг, маркетинг преку социјалните мрежи и блогови за промотивни активности;<br>- да може да развива интернет маркетинг стратегија;<br>- да може да ги измери најважните индикатори и со тоа да ги подобри промотивните активности. | - Облици на промоција<br>- Интернет промоција<br>- Планирање на промоцијата<br>- Ефекти од промоцијата | - Традиционална промоција<br>- Промотивен микс<br>- План на промоција<br>- Email маркетинг<br>- Блогирање<br>- Интернет маркетинг<br>- Ефективна промоција | **ИСТРАЖИ И НАУЧИ**<br>- Дискусија на различни студии на случаи поврзани со промотивните активности на компаниите за производи/услуги кои учениците ги познаваат/користат.<br>- Дискусија за пораката содржана во промотивниот материјал.<br>- Дискусија за можните двонасочни комуникации меѓу компаниите и потрошувачите, или како купувачите би реагирале за нешто, дали би напишале негативна или позитивна изјава за компанијата, производот/услугата.<br>- Дискусија за традиционалните и нетрадиционалните промотивни тактики, нивните разлики, трошоци и влијание на потенцијалните потрошувачи.<br>- Дискусија за мерките поврзани со ефективните промотивни тактики.<br>- Вежба (тимска работа): споделување пораки преку социјалните медиуми и дискусија за мерките поврзани со ефектот на промотивните тактики.<br><br>**КРЕИРАЈ И НАПРАВИ**<br>- Вежба: развивање промотивни пораки користејќи техники за бизнисот кој го имаат оформено во текот на оваа проектна активност.<br>- Вежба: создавање канали низ социјалните медиуми за нивните компании и поставување неколку промотивни пораки.<br>- Вежба (тимска работа): креирање веб-страници и блогови поврзани со нивните компании, користејќи бесплатни платформи (Tumblr, WordPress.com, Blogger...).<br>- Вежба: онлајн прикачување на своите презентации (едукативни и промотивни), на пример: SlideShare и др.<br>- Вежба: развивање план на промоција базиран на вештините кои ги имаат стекнато за време на оваа проектна активност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Вежба (тимска работа): споделување на своите пораки преку социјалните медиуми и мерење на ефектот преку одредени мерни вредности.<br><br>**ПРЕЗЕНТИРА И ПРОВЕРИ**<br>- Вежба: презентирање промотивните планови, дизајнот на промотивниот материјал и резултатите кои ги сумирале низ претходните вежби.<br>- Дискусија фокусирана на:<br>• Зошто токму овие одлуки?<br>• Дали има други, подобри решенија? (да се поттикне креативноста со споделување на мислења од останатите ученици)<br>• Заклучок/Резиме<br><br>Корисни линкови:<br>- http://smallbusiness.chron.com/7-cs-effective-business-communication-114.html<br>- http://catalog.flatworldknowledge.com/bookhub/reader/15?e=mclean-ch01<br>- http://smallbusiness.chron.com/communication-ethical-issues-business-4886.html |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на програмата непосредните реализатори да поаѓаат од развојните можности и интереси на учениците, особено да се имаат предвид законитостите на развојот на мислењето во овој развоен период.

Една од основните карактеристики на проектните активности *Иновации и претприемништво* е: знаењата стекнати низ различните наставни содржини да имаа практична примена во секојдневниот живот; поврзување со локалната заедница (бизниси, институции, организации); идентификување на можностите за кариера и продолжување на образованието по вертикала. На овој начин ќе се зголеми заинтересираноста и мотивираноста на ученикот/ученичката за реализација на проектната активност *иновации и претприемништво.*

За успешно реализирање на целите на проектните активности *иновации и претприемништво* се препорачува планирање, организирање и реализирање на часовите во рамките на годишниот фонд на часови со обем од 35 часа со комбинирање на наставни часа за давање упатства за работа, општи насоки и објаснување поими, принципи, цели, методологија на работа, извори на информации, инструменти за истражување, користење податоци, техники на презентирање, можност за соработка и наставни часа за групна работа; вежби; играње на улоги; проектна работа; мини компании; истражување на терен; посета на компании; покана на гости во училиштето; учење преку соработка; студија на случај; решавање проблем и сл.

Планирањето, организацијата и реализацијата на проектните активности *иновации и претприемништво* треба да ги содржат најсовремените техники и методи на полето на современата образовна технологија.

Покрај основната литература (учебник), како дополнителна литература (лектира) се препорачува во текот на реализацијата на наставата користење на делото Питер Ф. Дракер: Менаџирање за иднината, Икона, Скопје (оригинал: Managing for the future, 1992).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата на проектната активност *иновации и претприемништво* се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање показатели (ученички проекти, индивидуални практични задачи, извештаи за реализирани активности на ученикот, изработена конкретна документација, индивидуални домашни задачи) за придонесот на секој ученик посебно;
- тековни (формативни) однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик посебно кои се изработуваат по конкретната негова активност.

Согласно природата на програмата по *Иновации и претприемништво* постигнувањето на ученикот/ученичката може да се реализира практично, со презентација, постигања и резултати од тимска работа, покажан интерес и активно учество на часовите.

Секој ученикот мора да ја реализира програмата за *Иновации и претприемништво*, во спротивно не може да му биде издадено свидетелство за завршена година.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на нормативот за простор, опрема и наставни средства за гимназиското и средното уметничко образование  донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по *иновации и претприемништво* за III година во гимназиското и средното уметничко образование може да ја изведува само лице кое исполнува еден од следните услови:

- Завршени студии по економија VII/1 степени на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка.
- Завршени студии од областа на економијата по Европски кредит трансфер систем (240 ЕКТС), на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка.
- Завршени студии на факултет за наставници или други студии со стекната педагошко-психолошка и методска подготовска и следена обука за иновации и претприемништво.

## 8.  ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **01.09.2015 година**

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по проектната активност *иновации и претприемништво* за III година на гимназиското и средното уметничко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**бр. 12-8747/1**
**17.04.2015 година**

**МИНИСТЕР**

____________________________

**Abdilaqim Ademi**

Изготвил: работна група, координатор Валентина Гоцевска, советник
Контролирал: Трајче Ѓеорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор